Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 67, 1 октомври 2011 година

октомври 2011 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област бизнис менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област теорија на новинарство и системи на информирање на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на помлади асистенти за научната област технологија на конфекција на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно - научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** за скриптата „Физичка хемија“ од авторот доц. д-р Димко Димески, Технолошко-технички факултет ........ 25

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, број 1602-122/7 од 7 септември 2011 година, формирана е Рецензентска комисија за пријавените кандидати за избор на еден наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно-научната област ***уставно право*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по Конкурсот објавен на 18 август 2011 година во весниците „Дневник" и „Лајм" во состав: д-р Светомир Шкариќ, редовен професор (претседател); д-р Војо Беловски, доцент (член) и д-р Стеван Алексовски, редовен професор (член).

Во врска со распишаниот Конкурс за избор на еден извршител - насловен доцент за наставно-научната област *уставно право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот за избор на еден наставник во насловно звање *доцент* за наставно-научната област *уставно право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип се пријавил само еден кандидат - **д-р Снежанка Гушева,** државен советник за уставен и политички систем во Собранието на РМ, поднесувајќи ги сите потребни документи предвидени со Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Снежанка Гушева** е родена на 12 февруари 1958 година во Нов Дојран. Завршува основно образование во Нов Дојран и гимназија „Јосиф Јосифовски-Свештарот" во Гевгелија, како најдобар ученик во генерацијата 1972-1976 година. Дипломира на Правниот факултет во Скопје, управно-политичка насока, како најдобар студент во генерацијата 1976-1980 година. Магистрира на Правниот факултет во Скопје, на тема „*Политичката контрола на Собранието на Република Македонија врз извршната власт*", во 1998 година. Докторираа на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на тема „*Законодавната дејност на Собранието на Република Македонија 1991-2008 година*", во 2009 година.

***Работно искуство***

Кандидатката има долгогодишно работно искуство во државни органи, на работи поврзани со уставниот и политичкиот систем. Работела како советник за нормативно-правни работи од областа на политичкиот систем во Републичкиот секретаријат за законодавство; советник за општествено-политички систем во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ; секретар на Комисијата за уставни прашања на Собранието на РМ; самостоен советник во Секторот за истражување и анализа во Собранието на РМ, а сега е државен советник за уставен и политички систем на Собранието на РМ.

Во текот на работниот стаж посетува повеќе обуки: семинар во организација на TWINNING проектот на тема „Собранието на РМ на патот кон ЕУ преку искуствата на Република Словенија"; семинар во организација на TAEX програмата на тема „Процесот на одлучување и улогата на институциите на ЕУ во рамките на техничката помош"; семинар на тема „Техники на подготвување на закони" во рамките на проектот за реформа на јавната администрација; семинар на тема „Парламентарни постапки и парламентарна

контрола” во организација на ECPRD (Европски центар за парламентарни истражувања и документација).

Кандидатката остварува студиски престој во парламенти на повеќе држави: Државниот собор на Република Словенија; Националното собрание на Парламентот на Франција; Националниот парламент на Република Ирска; Германскиот Бундестаг; Големото народно собрание на Република Турција; Националното собрание на Република Словачка.

***Објавени трудови***

Кандидатката е автор на книгите: „Политичката контрола на Собранието на Република Македонија над Владата на Република Македонија 1991-2007”, Винсент графика, Скопје, 2008 (стр. 292) и „Законодавната дејност на Собранието на Република Македонија, 1991-2009”, Винсент графика, Скопје, 2009 (стр. 412).

Таа е подготвувач и редактор на повеќе изданија (книги) од областа на уставното право и политичкиот систем: Собранието на Република Македонија - организација и функционирање, Собрание на РМ, Скопје, 2000; Устав на РМ со амандманите I-XXX, Собрание на РМ, Скопје, 2006; Деловник на Собранието на РМ, Собрание на РМ, Скопје, 2006 и Прирачник за пратениците во Собранието на РМ, Собрание на РМ, Скопје, 2006; 60 години Устав на Република Македонија, Европа 92, Кочани, 2006.

Кандидатката активно учествува во стручната подготовка на Уставот на РМ од 1991 година и уставните амандмани од 1992; 1998; 2001; 2003; 2005; 2009 и 2011 година. Во исто време учествувала и во стручната подготовка на поголем број закони, вклучувајќи ги и оние со коишто се регулира статусот на локалната самоуправа, правосудниот систем, политичките партии и деловниците на Собранието на РМ.

Кандидатката д-р Снежанка Гушева има напишано повеќе трудови од областа на уставното право, од кои поголемо значење имаат трудовите: „Политичката контрола на Собранието на Република Македонија над Владата на Република Македонија 1991-2007“, Винсент графика, Скопје, 2008 и „Законодавната дејност на Собранието на Република Македонија, 1991-2009“, Винсент графика, Скопје, 2009.

Трудот „Политичката контрола на Собранието на Република Македонија над Владата на Република Македонија 1991-2007“ е прв труд во Република Македонија во којшто научно и критички се проучува политичката контрола на Собранието на Република Македонија. Трудот пошироко се користи во стручни и научни трудови на правните факултети во Република Македонија и државни органи.

Трудот „Законодавната дејност на Собранието на Република Македонија, 1991-2009“ содржи обемна емпириска анализа од која може да се види законодавната дејност на Собранието на РМ, во период од 18 години (1991-2009). Истиот труд претставува база за идни истражувања на законодавната дејност на Собранието на РМ, како и база за споредбена анализа на законодавната дејност на другите парламенти во регионот. И овој труд е единствен труд објавен во РМ, релевантен за нормативната дејност на Собранието на РМ.

Освен што е автор на пообемни монографски трудови, кандидатката се јавува и како подготвувач и редактор на повеќе стручни изданија, релевантни за уставното право и политичкиот систем. Станува збор за документарно прикажување на клучните органи во РМ и презентација на уставните документи и деловнички акти.

Од непомало значење е и професионалниот ангажман на кандидатката во стручната подготовка на работните тела на Собранието на Република Македонија, надлежни за уставни и други нормативни прашања. Во овој случај таа се јавува и како непосреден актер, како секретар на Комисијата за уставни прашања и како државен советник за уставен и политички систем.

***Наставно-образовна активност***

Кандидатката располага и со соодветно педагошко искуство. Одржува предавања за политичката контрола на парламентот врз извршната власт и за законодавната дејност на Собранието на РМ пред студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во декември 2010 година одржува предавање на тема Законодавната дејност на Собранието

на Република Македонија, пред студентите и наставниците на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Кандидатката одржува повеќе предавања за Собранието на РМ, правата и должностите на пратениците; Уставот на РМ и Деловникот на Собранието на РМ, пред различен аудиториум: пратениците во Собранието на РМ, практикантите во Собранието во РМ и студентите од областа на правните науки. Исто така, таа била предавач на семинарот организиран во Собранието на РМ од Институтот ИПАЛМО, Факултет за политички науки „Ла Сапиенза" во Рим.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените констатации и оценки за научно-стручната дејност на кандидатката д-р Снежанка Гушева, Рецензентската комисија го констатира следново:

1. Кандидатката д-р Снежанка Гушева ги исполнува условите за избор за наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област уставно право, предвидени со Законот за високото образование (докторат од соодветна област и објавени научни и стручни трудови).
2. Кандидатката во досегашниот развој напишала одреден број научни и стручни трудови од областа на уставното право, од кои може да се заклучи дека располага со знаење од областа на уставното право кое ѝ овозможува вршење на успешна наставно-научна дејност од наведената област.
3. Комисијата констатира дека кандидатката подолго време непрекинато се занимава со уставно-правниот развој на Република Македонија и користи поширока литература од областа на уставното право.
4. Комисијата смета дека со изборот на д-р Снежанка Гушева во насловно звање доцент за наставно-научната област *уставно право,* Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ќе добие наставник кој може успешно да се развива во областа на уставното право, бидејќи во таа област има стекнато и научен степен магистер и научен степен доктор на правни науки.

Имајќи ги предвид наведените констатации и оценки, Рецензенската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **да ја избере д-р Снежанка Гушева за наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област *уставно право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Светомир Шкариќ, редовен професор, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, доцент, с.р.**
**Д-р Стеван Алексоски, редовен професор, с.р.**